**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**на ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ “**
**во с.Жван, Демир Хисар**
**за учебната 2024 / 2025  година**




**14 Август 2024**

**ПРЕАМБУЛА**

Основното образование е задолжително и достапно за сите и треба да се темели врз начелата на демократичност, автономност и еднакви можности. Основното образование треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и чувството на неговото достоинство, како и кон јакнење на почитта за човековите права и слободи. Образованието треба да го унапреди разбирањето кај младите генерации, трпеливоста и пријателството меѓу сите нации и етнички и верски заедници.

Во согласност со законската регулатива (ЗОО, ЗРО, ЗЈН, Статутот на училиштето, Етички кодекс, Деловници за работа на органите на училиштето, Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за работно време, Правилник за надоместок на штета, Правилник за изрекување на дисциплински мерки на вработени, Концепција за деветгодишно основно образование, Извештајот од самоевалуацијата на училиштето, Програма за развој на училиштето), тимот за подготовка на Годишната програма за работа на училиштето предлага Годишна програма до Наставничкиот совет за понатамошна процедура. Училишниот одбор на седницата од 14 август 2024 година ја донесе предлог Годишната програма и ја достави до Советот на општината, БРО и ДПИ (до 15 септември ).

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните насоки и правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната ***2024 -2025 година*** а кои преставуваат севкупна целина на целиот воспитно образовен процес.

Изготвувањето на новата годишната програма за работа на училиштето е во согласност со **член 49 став 7 од Законот за основно образование (Службен. Весник бр.161/19 на РСМ)** и **П**равилникот на МОН со кој се пропишува формата и содржината на годишната програма на основното училиште а врз основа на член 49 став 7,8,9,10 од споменатиот закон, врз основа на кој Училишниот одбор ја доставува Годишната програма за работа до основачот до 15 август , а основачот ја донесува најкасно до 31 август.

**Содржина**

**Вовед**
1.Општи податоци за основното училиште
1.1.Табела со општи податоци
1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште
2.1. Мапа на основното училиште
2.2. Податоци за училиштниот простор
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“
2.5. Податоци за училишната библиотека
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа
3.2. Податоци за раководните лица
3.3. Податоци за воспитувачите
3.4. Податоци за вработените административни службеници
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица
3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените
3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4.Материјално-финансиско работење на основното училиште

5.Мисија и визија

6.„LESSONS LEAMED“- Веќе научено/стекнати искуства

7. Подрачја на промени, приоритети и цели
    7.1. План за евалуација на акциските планови

8.Програми и организација на работата во основното училиште

    8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште
    8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите
    8.3. Работа во смени
    8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата
    8.5. Проширена програма
    8.6. Комбинирани паралелки
    8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
    8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
    8.9. Изборна настава
    8.10. Дополнителна настава
    8.11. Додатна настава
    8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
    8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
    8.14. Туторска поддршка на учениците
    8.15. План на образовниот медијатор

9. Воннаставни активности

    9.1. Училиштни спортски клубови

9.2. Секции/клубови
9.3. Акции

10. Ученичко организирање и учество

11. Вонучилишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

12. Натпревари за учениците

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците
15.1. Постигнување на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

16. Оценување
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
16.4.Самоевалуација на училиштето

17. Безбедност во училиштето

18. Грижа за здравјето
18.1. Хигиена во училиштето
18.2. Систематски прегледи
18.3. Вакцинирање
18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

19. Училишна клима
   19.1. Дисциплина
   19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
   19.3. Етички кодекси
   19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
   20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
   20.2. Активности за професионален развој
   20.3. Личен професионален развој
   20.4. Хоризонтално учење
   20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите
   21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
   21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности
   21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

25. Заклучок

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

27. Користена литература

**ВОВЕД**

Годишната програма претставува основен движечки документ за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година. Во Годишната програма за работа на училиштето се наведени сите планирани активности кои ќе се реализираат на ниво на училиште, носителите на активностите, времето на нивна реализација и очекуванит ефекти.

Годишната програма е изработена врз основа на Самоевалвацијата на училиштето; Развојниот план на училиштето; насоките дадени од Училишниот одбор; Советот на родители и Наставничкиот совет и таа опфаќа неколку приоритети.

Појдовни основи за изработка на Годишната програма за работа на училиштето се:

- Закон за основно образовани(www.mon.edu.mk ); Наставни планови и програми ( www.bro.gov.mk);
- Концепција за деветгодишно образование (www.bro.gov.mk); Статутот на училиштето;
- Програма за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Извештај од интегрална евалуација - Извештај од самоевалуација;
- Развоен план на училиштето;
- Извештаи од увидите на Државниот просветен инспекторат;
- Извештаи за финансиско работење на училиштето.

**1.Општи податоци за основното училиште**

**1.1.Табела со општи податоци**

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООУ„Браќа Миладиновци“ |
| Адреса,општина,место | с.Жван, Демир Хисар |
| Телефон | 047 271 501 |
| Фах | 271 501 |
| Е-маил | / |
| Основано од | МОН |
| Верификација-број на актот | 092369/2 од 13.06 |
| Година на верификација | 2002 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1963 |
| Тип на градба | Тврда |
| Површина на објектот | 1310 м2 |
| Површина на училшниот двор | 6248 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 500 м2 |
| Училиштето работи во смена | Една смена |
| Начин на загревање на училиштето | Цврсто гориво –дрва |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 10 |
| Број на смени | Една |

Извор: Извештај од попис со состојба 31/12/2018 година и План

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име и презиме) | Соња Миленкоска – претседател<br>Марика Ангелеска<br>Валентина Илиеска<br>Елена Саботковска<br>Влатко Стојковски<br>Натали Прчкова<br>Ана Станковска |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | Соња Миленкоска<br>Николче Лозевски<br>Димитар Христов<br>Марика Ангелевска<br>Валентина Илиеска<br>Златко Јаневски<br>Звонко Стојковски<br>Марина Манасиева<br>Маријана Дамчевска<br>Горан Ѓуруковски |
| Стручни активи (видови) | 1. Стручен актив од одделенска настава<br>2. Стручен актив на јазична група предмети (македонски,англиски,француски)<br>3. Стручен актив по природно математичка група на предмети (математика,физика,хемија,биологија,информатика)<br>4. Стручен актив по (ФЗО, музичко, ликовно, ТО)<br>5.Стручен актив по општествена група на предмети (историја, граѓанско образование, географија, етика, религија) |
| Одделенси совети (број на наставници) | Совет на одделенски наставници 6<br>Совет на предметни наставници 12 |
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме) | Андријана Наумовски – в.д. директор<br>Александра Ѓоргиовска Трајческа – специјален едукатор и рехабилитатор<br>Александар Богдановски - психолог |

| | |
|---|---|
| | Влатко Стојковски – предметен наставник<br>Ана Трајческа– одделенски наставник<br>Кристина Илиевска– родител<br>Валентина Илиеска – родител |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | 51 поделени во 10 паралелки |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | Наталија Кочовска – претседател<br>10 членови – по еден од секоја паралелка |
| Ученички правобранител | Теа Ангелевска |

**2. Податоци за условите за работа на основното училиште**

2.1. Мапа на основното училиште






2.2. Податоци за училиштниот простор

| р.бр | Опис | број / површина |
|---|---|---|
| 1 | Вкупен број на училишни згради | 6 |
| 2 | Вкупен број на подрачни училишта | 4 |
| 3 | Бруто површина во м2 | 1 310 |
| 4 | Нето површина во м2 | 1 100 |
| 5 | Број на спортски терени | 4 |
| 6 | Број на катови (се однесува на ЦУ) | 2 |
| 7 | Број на училници | 13 |
| 8 | Број на помошни простории | 4 |
| 9 | Училишна библиотека со читална | 1 |
| 10 | Начин на загревање на училиштето | Печки на дрва |

2.3. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

| р.бр | вид на средство | располага | ќе набави |
|---|---|---|---|
| 1 | Компјутери | 58 | |
| 2 | Лаптоп компјутери | 25 + 20 | |
| 3 | Графоскоп | 2 | |
| 4 | Фотокопир | 4 | |
| 5 | Радио-приемници | 8 | |
| 6 | Транзистори со касетофон | 4 | |
| 7 | Телевизор во боја | 1 | |
| 8 | Видеорекордер | 1 | |
| 9 | ДВД плеер | 1 | |
| 10 | Проектор | 2 | |
| 11 | Фотоапарат | 1 | |
| 12 | Смарт табли | 3 | |
| 13 | Вага,микрометарски винт ,волтметар амперметар | | |
| 13 | Отскочна даска ,јаже за скокање ,мрежа за одбојка ,мрежа за фудбал,мрежа за обрач за кош, Мрежа за фудбалски гол,мрежа за пинг понг,јарец,вага ,шведска греда | 1 | |

ИМЕ И АДРЕСА

ООУ „ Браќа Миладиновци“ с. Жван, Демир Хисар

## 2.4. ПЛАН НА ПРОСТОРИИ ВО УЧИЛИШТЕТО



## 2.5. Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Авторски изданија | 2380 |
| 2. | Лектирни изданија за учениците од прво до деветто одделение | 180 |
| 3 | Стручна литература,атласи по природната гр. предмети | 20 |
| 4 | Прирачници | 50 |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Александар Богдановски | 1990 | Дипл. психолог | високо | психолог | | 3 |
| 2. | Александра Ѓоргиовска Трајчевска | 1983 | Дипл.дефектолог | високо | Специјален едукатор и рехабилитатор | | 15 |
| 3. | Татјана Лазаревска | 1968 | Дипл. учител | високо | Одделенски наставник | | 27 |
| 4. | Менка Најдовска | 1962 | Дипл.биолог | високо | Предметен наставник | | 36 |
| 5. | Елизабета Крстевска | 1972 | Дипл. учител | високо | Одделенски наставник | | 24 |
| 6. | Славица Божиновска | 1972 | Дипломиран учител | Високо | Одделенски наставник | | 26 |
| 7. | Снежана Јанкуловска | 1967 | | Виша школа | Одделенски наставник | | 23 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Влатко Стојковски | 1986 | Дипл.проф.по македонски и англиски јазик | високо | Предметен наставник | | 14 |
| 9. | Најдески Иво | 1998 | Дипл.историчар | високо | Предметен наставник | | 2 |
| 10. | Ленче Фидановска | 1990 | Дипломиран учител | високо | Одделенски наставник | | 5 |
| 11. | Ана Трајческа | 1975 | Дипломиран учител | високо | Одделенски наставник | | 25 |
| 12. | Елена Саботковска | 1982 | Дипл.проф.по соло пеење | високо | Предметен наставник | | 11 |
| 13. | Натали Стефановска | 1988 | Дипл.проф.по македонски и англиски јазик | високо | Предметен наставник | | 12 |
| 14. | Сања Шилкоски | 1988 | Професор по географија | високо | Предеметен наставник | | 10 |
| 15. | Игор Илиевски | 1990 | Настав.по техничко и по информатика | високо | Предметен наставник | | 8 |
| 16. | Дарко Ристевски | 1986 | Дипл.ликовен уметник | Високо | Предметен наставник | | 7 |
| 17. | Александра Видановска | 1997 | Дипл.проф. по ФЗО | високо | предметен наставник | | 2 |
| 18. | Маја Велеска | 1988 | Дипл.проф.по македонски и англиски јазик | високо | Предметен наставник | | 8 |
| 19. | Ивана Степанулевска | 1984 | Дипл.проф. по француски јазик | високо | Предметен наставник | | 4 |

3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Андријана Наумовски | 1985 | Дипломирана биолог-Професор по биологија | високо | в.д. Директор | | 8 |

3.3. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александра Радевска | 1994 | Дипломиран економист | VII | Секретар | 2 |
| 2 | Марина Давидоска | 1982 | Економски техничар | VII | Благајник | 14 |

3.4. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бранко Дамјановски | 1979 | | ССС | Хигиеничар | 6 |
| 2 | Јане Ендековски | 1975 | | Основно | Хигиеничар | 23 |
| 3 | Љупчо Бабински | 1965 | | Основно | Хигиеничар | 26 |
| 4 | Јулијана Петковска | 1980 | | ССС | Хигиеничар | 5 |
| 5 | Соња Пејковска | 1972 | | ССС | Хигиеничар | 20 |
| 6 | Оливер Јаневски | 1974 | | ССС | Хигиеничар | 14 |
| 7 | Светлана Нешковска | 1965 | | ССС | Хигиеничар | 22 |

3.5. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Во училиштето нема ангажираните образовни медијатори кои се ангажираат за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем.

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| **Кадар** | **вкупно** | **Етничка и половаструктуранавработените** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** |
| **Број на вработени** | 29 | 9 | 20 | | | | | | | | | | |
| **Број  на наставен кадар** | 17 | 4 | 13 | | | | | | | | | | |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | | | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 2 | / | 2 | | | | | | | | | | |
| **Помошно-технички кадар** | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | / | 1 | | | | | | | | | | |
| **Помошник директор** | / | / | / | | | | | | | | | | |
| **Образовни медијатори (доколкусеангажиранивоучилиштето)** | / | / | / | | | | | | | | | | |

3.6. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 0 |
| Високо образование | 21 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 5 |
| Основно образование | 2 |

3.7. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 8 |
| 41-50 | 13 |
| 51 – пензија | 5 |

3.8. НАСТАВЕН КАДАР

| | Вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | М | Ж | м | ж | М | ж | м | ж | м | Ж |
| Број на вработени | 29 | 9 | 20 | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 17 | 4 | 13 | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | / | 2 | | | | | | | | |
| Техничка | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | / | 1 | | | | | | | | |

| Ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ – Жван 2024/25 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | | | II | | | III | | | IV | | | V | | | I-V | | |
| Пол | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| ПУ Жван | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 2 | 2 | / | / | / | 1 | / | 1 | 2 | 2 | 4 |
| ПУ Сопотница | 2 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 | / | 4 | 4 | 2 | / | 2 | / | / | / | 7 | 7 | 14 |
| ПУ Доленци | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | 1 | 1 |
| ПУ Вирово | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ПУ Слоештица | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 2 | 2 | 4 | 4 | 1 | 5 | / | 6 | 6 | 2 | 1 | 3 | 1 | / | 1 | 9 | 10 | **19** |

| VI | | | **VII** | | | **VIII** | | | **IX** | | | **VI-IX** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **М** | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| **2** | 1 | 3 | 7 | 3 | 10 | 4 | 4 | 8 | 7 | 4 | 11 | 20 | 12 | **32** |
| ВКУПНО I-IX | | | | | | | | | | | | | | **51** |

3.9. Податоци за учениците во основното училиште

**4.Материјално-финансиско работење на основното училиште**

ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА ЗА
ООУ"БРАЃА МИЛАДИНОВЦИ" с.ЖВАН

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ БУЏЕТ** | | | **16.737.000** |
| **40 Плати,наемнини и надоместоци Завработените** | | | **16.050.000** |
| **401 Основни плати и надоместоци** | | **11.364.000** | |
| 401130 Основни нето плати | 10.487.000 | | |
| 401310 Персонал.данок на дох.од плата | 844.000 | | |
| 401320 Персонален данок на дох. од надоместоци | 33.000 | | |
| **402 Придонеси од плати** | | **4.396.000** | |
| 402110 Придонеси за ПИО | 2.951.000 | | |
| 402210 Придонеси за здравство | 1.175.000 | | |
| 402220 Прид.за проф.заболување | 80.000 | | |
| 402310 Придонес за вработување | 190.000 | | |
| **404 Надоместоци** | **290.000** | | |
| 404410 надоместок за год.одмор | 290.000 | | |
| **42 Стоки и други услуги** | | | **687.000** |

| | | |
|---|---|---|
| **421 Комунал.услуги,греење,комуникација И транспорт** | | **253.000** |
| 421110 Електрична енергија | 70.000 | |
| 421120 Вода | 40.000 | |
| 421190 Др.комунални такси | 2.000 | |
| 421220 Дрва | 100.000 | |
| 421240 Нафта | 6.000 | |
| 421310 Пошта | 0.000 | |
| 421320 Телефон,телефакс | 25.000 | |
| 421390 Други трошоци за комуникација | 10.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| **423 Материјали и алати** | | **85.000** |
| 423110 Канцелариски материјали | 10.000 | |
| 423120 Списанија,весници и др,издания | - | |
| 423410 Прехрамбени продукти | 10.000 | |
| 423610 Наставно образовни помагала | 10.000 | |
| 423620Училишни материјали | 00.000 | |
| 423710 Средства за одржување хигиена | 15.000 | |
| 423720 Материјали за разни поправки | 20.000 | |
| 423810 Ситен инветар | 0.000 | |
| 423990Други материјали | 20.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| **424 Поправки и тековно одржување** | | **76.000** |
| 424210 Одржување на згради | 60.000 | |
| 424230 Дезинфекција и дератизација | 6.000 | |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска опре. | 5.000 | |
| 424440 Поправки и одржување на опрема | 5.000 | |

| | |
|---|---|
| **425 Договорни услуги** | **249.600** |
| 425490 Други здравствени услуги | 10.000 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 209.600 |
| 425990 Др.договорни услуги | 30.000 |
| | |
| **426 Други тековни расходи** | **23.400** |
| 426120 Членарини во домашни организации | - |
| 426410 Објавување на огласи | 15.600 |
| 426990 Други оперативни расходи | 8.400 |

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

**МИСИЈАТА** на нашето училиште се состои во развивање на наставна практика којашто го промовира индивидуалниот развој и учењето и ги обучува учениците да бидат креативни, мултикултурни и морални творци на светот и презема најразлични активности преку кои се поддржуваат партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите.

Нашата **ВИЗИЈА** е да создадеме слободна работна атмосфера којашто ќе овозможи нормален психофизички развој на учениците и хармонични услови за секојдневна работа, изградување позитивен став кон учењето заради животот, и кон се она што е поврзано со училишниот живот и соживот, преку градење соработка со ученици од други етнички култури.

## 6. „ Lessons Learned“ - Веќе научено/стекнати искуства

Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година во целост е реализирана, со мали отстапки кои не претставуваа пречка на воспитно-образовната работа на училиштето. Во планирањето на активностите за оваа учебна 2024/2025 година се користени искуствата од

работата на училиштето во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето, како и реализација на воспитно-образовната работа во училиштето:

- Анализи и заклучоци од Самоевалуацијата на работата на училиштето и План за развој на училиштето од 2023 до 2027 година;
- Анализи и препораки од Училишниот одбор;
- Анализи и заклучоци од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи, Инклузивен тим;
- Знаења стекнати од обуки, искуства од реализација на Наставните планови и програми и реализиција на концептот за деветгодишно образование;
- Нови знаења и вештини од планирање, подготовки и реализација на наставата и вонаставните активности во нашето училиште;
- Имплементацијa на: Програми за еколошката едукација во образовниот систем, придобивките од употребата на училишните Кодекси и правилници, критериуми и етички кодекси на оценувањето;
- Придобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и вонаставните активности;
- Промени во клима и култура и иновациите во реализација на наставата и вонаставните активноти настанати со имплементација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образовниот процес.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Од извршената анализа на Годишниот извештај за работа на училиштето во 2023/2024 годдина, Самоевалвацијата на училиштето и препораките на Училишниот одбор, констатирано е дека е потребно во учебната 2024/2025 год. да се направат промени во следните подрачја:

| Подрачја на промени | Приоритети | Цели |
|---|---|---|
| Подобрување на воспитно образовниот процес | Набавка на нагледни средства и помагала | Прилагодување на наставата според потребите на сите ученици |
| | Подигнување на квалитетот на тимската работа во училиштето | Унапредување на проецесот на соработка помеѓу наставниците |
| | Прилагодување на наставата за потребите на сите ученици т.е. Подигнување на индивидуалниот пристап кон секој ученик | Поефикасно детектирање на целите и можностите на секој ученик во процесот на учење |
| | Континуирано следење на ефикасноста на работата на наставниците и стручната служба | Унапредување на професионалните компетенции на наставниците како и стручната служба и директорот |
| Унапредување на просторните услови за работа | Санирање на таваните во П.У Сопотница | Подигнување на нивото на енргетска ефикасност |

| | | |
|---|---|---|
| | Санирање на влезните врати во училиниците во подрачните училишта | Подигнување на степенот на хигиената во просториите на училиштето |
| | Реновирање на кровот на спортската сала | Подобрување на визуелниот изглед на училиштето |
| | Замена на старата дограма | Подигнување на енергетската ефикасност во училиштето |
| Унапредување на процесот на инклузија на децата со ПОП | Набавка на спортски реквизити наменети за потребите на учениците со ПОП | Овозможување на полесен пристап на учениците со пречки во развојот до сите простории во училиштето |
| | Набавка на училишен мебел соодветен за ученици со физички потешкотии | Овозможување на еднаков пристап за сите ученици во воспитно образовниот процес во зависност од нивните потреби |
| | Едукација на наставниците за користење на методи и техники за работа со ученици со ПОП | Унапредување на професионалните компетенции на наставниците како и стручната служба и директорот |
| | Изградба на пристапна патека до спортската сала | Подигнување на свеста на учениците и пошироката јавност за прифаќање и почитување на разликите помеѓу луѓето и |
| Подигнување на степенот на безбедност на учениците во просториите на училиштето | Реновирање на тоалетите во подрачните училишта | Подигнување на нивото на хигиена во санитарните јазли |
| | Изведување вежба за евакуација од елементарни непогоди | Подигнување на степенот на сообраќајната култура кај учениците |
| | Подигнување на степенот на хигиената во просториите на училиштето | Здравствена едукација на учениците во насока на заштита од заразни болести |
| | Одржување на хигиената во континуитет | Подготвеност на учениците и вработените во училиштето за однесување при елментарни непогоди |

**7.1. План за евалуација на акциските планови**

| ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | НОСИТЕЛИ | НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ | ИНСТРУМЕНТИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на воспитно образовниот процес | 1. Набавка на нагледни средства и помагала<br>2. Подигнување на квалитетот на тимската работа во училиштето<br>3. Прилагодување на наставата за потребите на сите ученици т.е. подигнување на индивидуалниот пристап кон секој ученик<br>4. Континуирано следење на ефикасноста на работата | Континуирано во текот на целата година | Наставници, стручна служба, директор | Анализа на потреби<br>Набавки<br>Попис и распределба | Скала на процена<br>Тестови<br>Опсервации протоколи | Примена на знаења и вештини во работењето | Директор,тим за приоритети |
| Унапредување на просторните услови за работа | 1.Санирање на таваните<br>2. Санирање на влезните врати во училиниците во подрачните училишта<br>3. Реновирање на кровот на спортската сала<br>4. Варосување на училниците | Континуирано во текот на целата година | Училишен тим за приоритети | Анализа на состојбата, проект за работа, Презентации, разговори, тестирања, соработка со основачот | Записник, листа на проценка, деловодна книга,извод, проект | Подобрени услови за работа и здравјето на учениците, обезбедени нагледни средства и помагала | Директор,тим за приоритети |
| Унапредување на процесот на инклузија на децата со ПОП | 1. Набавка на спортски реквизити наменети за потребите на учениците со ПОП<br>2. Набавка на училишен мебел соодветен за ученици со физички потешкотии<br>3. Едукација на наставниците за користење на методи и техники за работа со ученици со ПОП | Континуирано во текот на целата година | Дефектолог, наставници, училишен тим | Спортски активности<br>Работилници<br>Анализи<br>Дискусии<br>Истражувања<br>Дебати | Прашалници<br>Чек листи<br>Анализи<br>Протоколи<br>Евалуациски листи<br>Извештаи | Подобрени услови за инклузија на учениците со ПОП и нивен напредок | Директор,тим за приоритети |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Изградба на пристапна патека до спортската сала | | | | | | |
| Подигнување на степенот на безбедност на учениците во просториите на училиштето | 1. Реновирање на тоалетите во подрачните училишта<br>2. Изведување вежба за евакуација од елементарни непогоди<br>3. Подигнување на нивото на хигиената во просториите на училиштето<br>4. Одржување на хигиената во санитарните јазли | Континуирано во текот на целата година | Училишен тим за приоритети | Увиди, Анализа на состојата, листа на проценка, проект | Анкети<br>Фактури<br>Пописни листи<br>Задолженија | Унапредена здравствена култура и безбедност на учениците во просториите на училиштето | Директор,тим за приоритети |

**Стратешка цел бр.1 Подобрување на воспитно образовниот процес**

| ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ Стратешка цел бр.1 | АКТИВНОСТИ | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА | НОСИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | Идентификација на потребите од наставни средства, формирање на нови тимови и ажурирање на постојните, континуирано следење на работата и организирање внатрешни и надворешни обуки и советувања | | | |
| ЗАДАЧИ | Формирање тимови, Изготвување на планови и програми за работа, следење и контрола на работата, набавка на потребни средства. | Реализирани часови со примена на знаењата од обуките<br>Набавена опрема и нагледни средства<br>-индивидуална употреба на просторија за вежби со ученици | Записник, | Училишен тим за приоритети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Користење на дидактички материјали во наставата | | |

**Стратешка цел бр.2 Унапредување на просторните услови за работа**

| **ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ Стратешка цел бр.2** | **АКТИВНОСТИ** | **КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА** | **НОСИТЕЛИ** |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | Извршување проценка на оштетеност, утврдување распоред по развојни цели за санација, изготвување финансиска рамка, реализација на инфраструктурните промени | | | |
| ЗАДАЧИ | Формирање комисија за евиденција на потребите, Проценка на степен на оштетеност, Евалуација на степенот на оштетеност, изготвување на финансиски план за реконструкција, финанасика конструкција, подготовка на јавна набавка, реализација на приоритетите. | Навремена реализација на поставените активности | Записник, пресметка | Училишен тим за приоритети |

**Стратешка цел бр.3 Унапредување на процесот на инклузија на децата со ПОП**

| ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ Стратешка цел бр.3 | АКТИВНОСТИ | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА | НОСИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | Извршување проценка на оштетеност, утврдување распоред по развојни цели за санација, изготвување финансиска рамка, реализација на инфраструктурните промени | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗАДАЧИ | Осовременување на наставата преку подобрување на инклузија на учениците и унапредување на професионалните компетенции на наставниците, стручна служба и директор | Реализирани часови со примена на знаењата од обуките<br>-Навреме доставена програма за менторство<br>-Изготвен ИОП за учениците со ПОП | Записник, пресметка | Училишен тим за приоритети |

**Стратешка цел бр.4 Подигнување на степенот на безбедност на учениците во просториите на училиштето**

| ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ Стратешка цел бр.4 | АКТИВНОСТИ | КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА | НОСИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | Извршување проценка на оштетеност, утврдување распоред по развојни цели за санација, изготвување финансиска рамка, соработка со противпожарна служба. | | | |
| ЗАДАЧИ | Формирање комисија за евиденција на потребите, Проценка на степен на оштетеност, Евалуација на степенот на оштетеност, изготвување на финансиски план за реконструкција, финанасика конструкција, подготовка на јавна набавка, реализација на приоритетите.<br>Изведување на вежба за евакуација – обука на учениците и вработените за заштита од елементарни непогоди | Подигнат степен на безбедност при престојување на учениците во училиштето | Записници, Планови, фотографии | Училишен тим за приоритети |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука. Во овој календар се внесени деновите кои се неработни и тоа: државните празници и Денот на училиштето 17 Март. Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, уредување на училишниот хол, паноата, уредување на содржините за ѕиден весник, организирање прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции и други активности.

### 8.2.Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Во ООУ „ Браќа Миладиновци “ с. Жван, Демир Хисар ќе работат вкупно пет паралелки од прво до деветто одделение и пет паралелки во подрачните училишта. Воспитно образовната работа ќе ја реализираат следните наставници:

| БР | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПРЕДМЕТ | БРОЈ НА ЧАСОВИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маја Велеска | Англиски јазик | 3 часа англиски јазик Жван; | 3 часа |
| 2 | Влатко Стојковски | Македонски јазик | Македонски ј. VI – IX –16 часа.<br>Класен раководител на VIII одд. | 16 часа |
| 3 | Елена Саботковска | Музичко образование | Музичко образование VI – IX – 4 часа<br>Училишен хор – 3 часа<br>училишен оркестар – 3 часа | 10 часа |
| 4 | Ивана Степанулевска | Француски јазик | VI - IX одд. 8 часа | 8 часа |
| 5 | Натали Стефановска | Англиски јазик | VI - IX одд. 12часа | 12 часа |
| 5 | Натали Стефановска | Англиски јазик | Сопотница I,II,III -2часа,IV-3часа<br>Доленци -3 часа | 8 часа |
| 6 | / | Физика | VIII и IX | 4 часа |
| 6 | / | Математика | VI, VII, VIII, IX | 16 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Александра Видановска | Физичко и здравствено образование | VI, VII, VIII, IX одд. ФЗО 12 часа; и Изборен спорт во VII одд. 2 часа ФЗО: 3 часа Доленци, 3 часа ,П.У Сопотница и Жван 3 часа Класен раководител на IX одд. | 23 часа |
| 8 | Сања Шилковски | Географија | VI, VII, VIII, IX одд. - 7 часа | 7 часа |
| 9 | / | Биологија, Природни науки | V одд. Природни науки во Жван – 2 часа<br>Природни науки - VI 3 часа;<br>Биологија VIII, IX одд. 4 часа | 2 часа<br>3 часа<br>4 часа<br>Вкупно 9 |
| 10 | Иво Најдески | Историја, Граѓанско образование, Етика | VI, VII, VIII, IX одд. Историја 8 часа; Граѓанско образование VIII и IX одд. 2 часа; Етика VII одд 1 час | 11часа |
| 11 | Тоше Мијалков | Информатика, Иновации, Проекти од информатика, програмирање | VI,VII, VIII, IX | 8 часа |
| 12 | Игор Илијовски | Техничко образование | ЕСАРУ -3 часа<br>V одд. Жван 2 часа<br>Класен раководител на VI одд. | 5 часа |
| 13 | Никола Стојковски | Изборен предмет | VI одд. 2 часа | 2 часа |
| 14 | Дарко Ристевски | Ликовно образование | VI, VII, VIII, IX 4 часа | 4 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Менка Најдовска | Библиотекар, Хемија, Биологија | VIII и IX одд. Хемија - 4 часа;<br>VII одд. Биологија - 2 часа;<br>Библиотека - 14 часа<br>Класен раководител на VII одд | 20 час |
| | | ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | | |
| 16 | Ана Трајческа | Одделенски наставник - Жван | Второ,трето и петто одд. | 23 часа |
| 17 | Татјана Лазаревска | Одделенски наставник - Сопотница | Четврто одд. | 23 часа |
| 18 | Ленче Фидановска | Одденски наставник - Сопотница | Прво одд. | 23 часа |
| 19 | Елизабета Крстевска | Одделенски наставник - Доленци | Четврто одд. | 23 часа |
| 20 | Снежана Јанкуловска | Одделенски наставник - Сопотница | Второ одд. | 23 часа |
| 21 | Славица Божиновска | Одделенски наставник – Сопотница | Трето одд. | 23 часа |

### 8.2. Работа во смени

Во училиштето се организира настава во една смена. Часовите започнуваат во 7 часот и 15 минути. А завршуваат во 12.40 минути.

### 8.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански Јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански Јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 10 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 51 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 21 | / | / | / | / |

### 8.4. Проширена програма

Училиштето има организирано прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на наставата, за учениците чии родители /старатели ќе дадат согласност за тоа. Оваа учебна година наставници кои ќе реализараат проширена програма се: Снежана Јанкуловска, Ленче Фидановска,Елизабета Крстевска и Ана Трајческа.

**Комбинирани паралелки**

Во училиштето има комбинирани паралелки и тоа повеќето паралелки во одделенска настава се комбинирани. Комбинациите, име и презиме на наставниците кои реализираат настава во комбинираните паралелки, како и бројот на ученици кои се опфатени се претставени во следната табела.

| Подрачно училиште | Број на ученици по одделенија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | I - V | Број на паралелки | Одденски наставник |
| Жван | / | 1 | 2 | / | 1 | 4 | 1 | Ана Трајческа |
| Сопотница | 4 | 4 | 4 | 2 | / | 14 | 4 | III одд. – Славица Божиновска<br>IV одд.- Татјана Лазаревска<br>I одд. – Ленче Фидановска<br>II одд. – Снежана Јанкуловска |
| Доленци | / | / | / | 1 | / | 1 | 1 | Елизабета Крстевска |
| Вкупно | 4 | 5 | 6 | 3 | 1 | 19 | 6 | 6 |

**8.6.Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Во училиштето се изучуваат два странски јазици и тоа:

1. Англиски јазик за учениците од I до IX одд. вкупно 51 ученици во 10 паралелки и
2. Француски јазик за учениците од VI до IX одд. вкупно 32 ученици распоредени во 4 паралелки.

### 8.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во училиштето се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование за учениците од прво, второ,трето , четврто и петто одделение. Тандем наставата ќе ја реализира наставникот по ФЗО Александра Видановска заедно со одделенските наставнци Елизабета Крстевска, Татјана Лазаревска,Божиновска Славица,Ленче Фидановска,Снежана Јанкуловска и Ана Трајческа.

### 8.9. Изборна настава

На крајот на наставната 2023/2024 година се спроведе анкетен прашалник каде на учениците им беа понудени изборни предмети кои би сакале да ги изучуваат во текот на учебната 2024/2025 година,каде се гледа за кои области се најмогу заинтересирани учениците. За да до 10 септември изберат кој наставен предмет сакаат да го изучуваат од понудените предмети за кои имало најголема заинтересираност.

### 8.10. Дополнителна настава

(1)Дополнителна настава се организира за ученици од II – IX одделение кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:

- Имаат најмалку две слаби оценки,
- Имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,
- Отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет
- На барање на ученикот или неговиот родител, односно старател.

(2)Наставникот кој ја реализира наставата по наставниот предмет ги задолжува учениците од ставот (1) алинеја1 за посета на дополнителна настава, а за учениците од ставот (1) алинеи 2 и 3 дополнителна настава се организира по оценка на наставникот.

(3)Ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет.

(4)Доколку ученикот не ги посетува часовите по дополнителна настава добива неоправдан изостанок.

(5)За упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот, односно старателот.

### 8.11. Додатна настава

(1)Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).

(2)Додатната настава за учениците од ставот (1) на овој член наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

(1)Основното училиште најдоцна до 20 септември во тековната учебна година ќе истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет на видно место во училиштето и истиот ќе го достави до Државниот просветен инспекторат.

Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава.

*НАПОМЕНА: Додатната и дополнителната настава се реализираат преку наставни часови што се утврдени со УЧИЛИШНИОТ РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ ЗА ДОДАТНА И ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА.

Примерок од распоредот се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат.

**8.12. Работа со надарени и талентирани ученици**

Секое дете низ наставата има право да напредува толку колку што му овозможуваат неговите потенцијали. Потребно е да се развијат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат потребите на децата со различни способности. За децата кои се истакнуваат во едно или повеќе подрачја потребно е да се планираат и реализираат посебни програми со што ќе им се овозможи да ги развијат своите надпросечни способности.

Наставникот кој ќе идентификува надарен или талентиран ученик изработува посебна програма за работа со надарени и талентирани ученици. Програмата ќе се реализира од месец септември до месец мај за секој наставен предмет одделно по кој ученикот покажува талент. Одговорни лица за работа со талентирани и надарени ученици се одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко – психолошката служба.

**8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Согласно член 16 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 год) во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој е составен од:

1. Андријана Наумовски – в.д.директор
2. Александра Ѓоргиовска Трајческа – специјален едукатор и рехабилитатор
3. Александар Богдановски - психолог
4. Влатко Стојковски – предметен наставник
5. Ана Трајческа – одделенски наставник
6. Кристина Илиеска – родител
7. Валентина Илиеска – родител

Во училиштето имаме четворица ученици кои имаат проценка  по МКФ и за кои се изработуваат индивидуални образовни планови во согласност со приоритетните цели кои треба да се постигнат, а се наведени во самата проценка.Исто  така во согласност со проценката, со учениците работи индивидуално  и училишниот специјален едукатор и рехабилитатор и психологот.

Наставникот изработува идивидуален образовен план (ИОП) за деца со посебни образовни потреби со времена реализација од месец септември до месец јуни во  текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени природата на проблемот со кој се соочува ученикот, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко - психолошката служба и со дефектологот во училиштето. Ученикот со посебни образовни потреби го вреднуваме според оваа програма,

поединачно, усмено или писмено со прилагодување на особеностите на ученикот и континуирано. Програмата треба да биде поттикнувачка и мотивирачка за учениците и да трпи промени во зависност од напредокот на ученикот.

**Цели:** Вклучување на децата со ПОП во редовни услови и настава, а со тоа поуспешно функционирање, комуникација, толеранција, еднакви можности во социјалната средина:

•Флексибилна индивидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците и наставниците.

•Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.

•Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Оваа учебна година училиштето ќе работи на создавање услови за исполнување на обврската за формирање на Училишен спортски клуб.

### 9.2. Секции/Клубови

Преку училишните секции и слободни ученички активности училиштето ги задоволува различните интереси и потребите на учениците, ги развива творечките и креативни способности, ги продлабочува и проширува знаењата на учениците. Учениците согласно нивните афинитети и интереси доброволно се вклучуваат во секциите и слободните ученички активности коишто се определени со Годишната програма за работа на училиштето (по секој наставен предмет).

Во училиштето постои Еколошка секција под раководство на наставничката по природни науки и биологија. Во неа членуваат ученици од предметна настава а се раелизираа конкретни еко акции и еко содржини соодветни за возраста на учениците и во согласност со содржините во Наставната програма.
Исто така под координација на наставникот по македонски јазик работи драмска секција, а постои и секција Млади биолози под раководство на наставничката по биологија и Млади библиотекари која ја води училишниот библиотекар.

### 9.3. Акции

Оваа активност опфаќа разновидни елементи на производна и друг вид општествено корисна работа што учениците ја изведуваат во локалната средина. Целта на општествено корисната работа е кај учениците да се развие позитивен однос кон работата и чувство за одговорност кон општествениот имот. Општествено хуманитарната работа отсекогаш била составен дел од работата на нашето училиште, во неа главно се планирани организирање на

локални манифестации од типот на приредби, манифестации, хуманитарни акции, прослава на Денот на училиштето и слични на нив. Во годишната програма ***2024/2025*** год. имавме во предвид да се застапени сите области, а особено да се даде осврт и внимание на хуманитарната работа.
Во училиштето ќе се реализираат и базари по повод позначајните празници како што се Нова година и Велиген. Истите ќе бидат раководени од стручната служба на училиштето, а целта е подигнување на хуманоста кај учениците. Во овие акции ќе бидат вклучени и родителите преку Советот на родители.

**10. Ученичко организирање и учество**

**Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница.** Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.

Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување на одлуки во училиштето кои се од непосреден интерес за учениците.

Учениците преку нивните тела, учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето за работи кои ги засегаат нив,но со поставување на неминовни ограничувања кои произлегуваат од нивната возраст .Ученичкото организирање се остварува преку формирање на тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичката заедница се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесување на одлуки во сверите што се од интерес за учениците.

**Заедница на паралелката**

Заедница на паралелката ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, по пат на тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката.Претседателот на заедницата на паралелка се избира на почетокот на учебната година, во втората недела од месец септември и истиот се избира според Критериуми за избор.

**Ученички парламент**

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелката и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од I до IX одделение по пат на таен и транспарентен избор. Членовите на Ученичкиот парламенет со мнозинство гласови го бираат претседателот на УП.

Претседателот на УП е член на тимот за училишна интеграција во насока за подобрување мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето. Училишниот парламент номинира т.е избира двајца ученици (едно машко и едно женско ) за учество во училишниот одбор. Претставниците имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став но без право на глас.

Цели и задачи на ученичкиот парламент:

- Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, демократичност, правичност, одговорност, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми во својата средина;
- да се вклучува во активности за подршка на учениците со ПОП;
- да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и спречување на конфликтниситуации;
- да се поттикнуваат учениците да го чуваат угледот на училиштето, да го одржуваат редот и дисциплината во него, почитување на куќниот ред на училиштето;
- да се развива свест за постојана соработка со наставниот кадар и други вработени во училиштето;
- да придонесува во организирањето и спроведувањето на културно-забавни и рекреативно- спортскиактивности;
- да организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено кориснаработа;
- да соработува со институции и други организации што работат сомладите;
- да промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање на своите активности.

**Ученички правобранител**

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Тоа е ученичка функција и должност, која претставува модел на ученичко учество доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е промовирање на детските права и подддршка за заштита на детските права.
Ученичкиот правобранител го избираат членови на училишниот парламент од седмо до деветто одделение, со траење на мандат од две години. По завршувањето на манадатот училиштето му доделува сертификат на ученичкиот правобранител за одредениот временски период.

Ученичкиот правобранител учествува и во работата на ученичкиот парламент на кој се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Тимот за изработка на програма за екскурзии и излети го сочинуваат предметни наставници и тоа: Елена Саботковска, Александра Видановска и Натали Прчкова. Планирани се пролетен и есенски излет за учениците од прво до деветто одделение.
Изведувањето на екскурзиите од било каков вид ќе биде во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии,излети и други вонучилишни активности по изработени програми од тимот за организирање на истите.

Екскурзиите претставуваат посебен облик на воспитно-образовната работа која се организира надвор од училиштето. Тие вршат значајна педагошка функција кај младата личност, како и зацврстување на здравјето и физичкиот развој, развивање на позитивен однос кон природата и човековата околина. Добро организирани и осмислени екскурзии имаат доста позитивно педагошко и воспитно влијание врз учениците.
Планираме и екскурзии со наши ученици за посета и соработка со учениците од побратимените училишта од друг град или држава . Напомена - Програмите комисијата за изведување на ескурзии излети и други вон училишни активности ги дава дополнително согласно законот за основно образование и правилникот за изведување ескурзии.

**12. Натпревари за учениците**

Постигнувањата на учениците во наставата и во другите подрачја од воспитно-образовната дејност се презентираат преку ученичките натпревари. Училиштето ќе посвети големо внимание кај учениците да се развие здрав натпреварувачки дух низ активо учество во ученички натпревари. Овие натпревари планираме да се организираат на ниво на училиште, општина, регион, во рамките на државата и на меѓународно ниво. Резултатите од натпреварите ќе придонесат за афирмација на училиштето во локалната средина и пошироко. Учениците истовремено добиваат можност да се дружат со ученици од други училишта.

Во текот на учебната 2024/2025 година ќе бидат организирани ученички натпревари. Во текот на целата учебна година се организираат училишни натпревари по наставни предмети за учениците од I– IX одделение и преку нив се избираат, главно, учесниците за повисоките степени на натпреварување. Во текот на учебната година учениците I–IX одделение учествуваат на ликовни и литературни конкурси организирани од училиштето и локалната средина.

**13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

Целта на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ е да се подигне свеста за меѓуетничка интеграција и толеранција кај учениците, наставниците и локалната заедница. Преку проектните акивности се поттикнува почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот и вероисповеста, развивање на сопствената култура и прифаќање вредности на другите култури. Гостувањата, меѓусебните посетии заедничките активности кои ќе се спроведат во рамките на соработката ќе овозможат запознавање на учениците и наставниците со културните вредности, обичаи и практики на другите етнички групи, надминување на стереотипните размислувања и предрасудите, прифаќање и почитување на етничките разлики.

Врз основа на член 46 од Законот за основно образование (Сл.весник бр.161 од 5.8.2019 год.) во ООУ „ Браќа Миладиновци“ с. Жван формиран е тим за училишна интеграција.

Тимот е составен од седум члена и тоа:

1. в.д.Директор- Андријана Наумовски
2. Претседател на ученички парламент
3. Ученички правобранител

4. Наставник по Македонски Јазик – Влатко Стојковски
5. Библиотекар – Менка Најдовска
6. Специјален едукатор и рехабилитатор- Александра Ѓоргиовска Трајчевска
7. Наставник по Англиски јазик –Натали Прчкова

Тимот е задолжува да изготви план за активности кои се во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавањето на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

## 14.Проекти што се реализираат во основното училиште

Со оваа Годишна програма се предвидува:

Интеграција на еколошките содржини во редовниот воспитно – образовен процес со цел да се подобрат условите за престој и работа во училиштето како и да се поттикнат учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки. На овој начин постоечките предмети се збогатуваат со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина, исполнување на 7 – те чекори од програмата за Еко училиште, изработка на екопроекти и одбележување на значајни еколошки датуми.

Во Годишната програма се предвидува и Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ и истиот има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава. Со мотото „Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“ се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме. Целите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;

в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;

г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;

д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;

ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;

е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.

Програмата ќе се реализира во наставата по граѓанско образование, животни вештини и во работата на педагошко – психолошката служаба.

Во годишната програма се предвидува и спроведување на Отворен ден за граѓанско образование чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со локалната заедница.Активности кои се планираат во рамките на овој проект се следните:

а)Организирање на хуманитарна акција

б)Организирање на креативни работилници со учениците

в)Организирање на работилница во кој ќе бидат вклучени и родителите

г)Организирање на ликовен хепенинг со цртање на мурали со едукативна содржина на видни места во локалната средина

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Постигнувањата на учениците од минатата учебна година е како што следи :

Во прво одделение настава посетуваа 5 ученици. Учениците се оспособуваа да ги препознаваат буквите, да ги препознаваат и именуваат броевите, проценуваат и споредуваат должина и тежина, опишуваат лица и предмети, слободно комуницираат, прераскажуваат содржина, ги знаат правилата на однесување, ликовно се изразуваат и ги сфаќаат вежбите. Знаат да се претстават со податоци за себе и за своите блиски. Самостојно се движат во околината. Активно се вкучени во одбележувањето на Денот на училиштето и други културно уметнички манифестации. Учениците се оспособија за користење на Македонскиот јазик во искажувањето на емоциите, доживувањата и мислите.

Во второ одделение настава посетуваа 7 ученици. Учениците се оспособија да читаат пишуваат, раскажуваат и прераскажуваат, собираат и одземаат до 100, да ги користат ликовните материјали и техники, да пеат и слушаат музика и правилно вежбаат и играат. Ги препознаваат геометсиките форми , видови растенија, видови овошје, зеленчук, жива нежива средина, сообракај. Учениците зедоа активно учество во изготвувањето на катчиња со свои ликовни и литературни творби.

Во трето одделение настава посетуваа 3 ученици.Учениците ги користеа двете писма за читање и пишување, раскажуваа, прераскажуваа, опишуваа и рецитираа. Собираат, одземаат, множат и делат до 1000, решаваат бројни изрази и проблемски задачи. Стекнаа знаење од сообраќајно воспитание и околината за живеење. И по останатите наставни предмети покажаа интерес и успех. Користат ИКТ во наставата. Учествуваат во организирани игри и се воспитуваат за фер- плеј однесување.

За постигањата на учениците родителите се известувани преку евидентни листови.

Во четврто одделение настава посетуваа вкупно 2 ученици и средниот успех е 5,00.

Во петто одделение настава посетуваа 3 ученици и средниот успех е 4,48.

Во шесто одделение настава посетуваа 10 ученици и средниот успех е 4,30.

Во седмо одделение настава посетуваа 8 ученици а средниот успех на одделение е 4,01.

Средниот успех на осмо одделение е 4,31 а во ова одделение има 11 ученици, и деветто одделение настава посетуваа 15 ученици ,а средниот успех на одделението е 4,19.

Стручната служба на училиштето исто така работеше континуирано во текот на целата учебна година преку индивидуални и групни средби со учениците кои и беа во фокусот на делување.

Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Затоа наставниците им даваат поддршка на сите ученици, ги третираат учениците рамноправно и правично, ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат во предвид во својата работа. Стручните соработници ја темелат работата врз основа на континуирана опсервација и проценка на напредокот на нивното здравје, нивните потенцијали, силните страни, вештините и семејното опкружување.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација на учениците е во состав на: Александар Богдановски – психолог, Александра Ѓоргиовска Трајческа – специјален едукатор и рехабилитатор и Менка Најдовска – библиотекар.

Во областа на професионална информација и ориентација учениците од деветто одделение континуирано ќе се поттикнуваат за правилен избор на професија според нивните интереси и потенцијали. Во насока на оваа цел ќе бидат реализирани реализирани се следните активности:

- Осознавање на учениците за постигнатиот успех во училиштето и способностите кои ги поседува како битни фактори при избор на својата идна професија;
- Запознавање на учениците со Програмата која ја нудат средните училишта,условите кои ги нудат и други информации кои се важни за учениците;
- Советодавна помош на учениците од деветто одделение при правилен избор во корелација со нивните интереси и способности;

- Запознавање на учениците со конкурси за запишување во гимназија и средни стручни училишта;

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**

Во текот на годината во училиштето ќе се реализираат превентивни програми за: спречување на насилството, болести на зависност, асоцијално однесување и соработка со установи за безбедност и социјална грижа. Целта на превентивните програми е да се намали појавата на малолетничко престапништво, деликвенција и асоцијално однесување, навремена заштита на учениците од болестите на зависност и стручна помош од надлежни институции за подобрување на социо – емоциналната состојба на учениците.

Во училиштето преку интерниот проект *„Училиште без насилство"* ќе се реализира програма за превенција од насилно однесување чија цел е препознавање и намалување на врсничкото насилство – БУЛИНГ. Стручните соработници ќе оставруваат советување со ученици кои манифестираат насилничко однсување, како и со жртвите на насилничко однесување. Активности посветени за грижата на здрајвето на учениците ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку најразлични активности: предавања, презентации, работиници на состаноците на Училишен парламент. Во реализацијата на овие активности ќе се вклучат одделенски раководители, стручни соработници и надворешни стручни лица. Училиштето остварува соработка со релеванти институации: МВР – Демир Хисар, Центар за социјална работа, Здравствен Дом,Психијатриска болница и др.

Од страна на стручните соработници ќе бидат реализирани следниве активности/работиници:

- Штетното влијание од употреба на цигари,алкохол и дрога
- Анкета-Причини за отсуство од настава и можности за зголемено асоцијално однесување кај учениците
- Стереотипи и предрасуди
- Работилници „Училиште без насилство".

Позитивна социо-емоционална клима

Секој субјект во училиштето максимално ќе дава свој допринос во создавање позитивна социо-емоционална клима која ќе се базира на почитување на секоја индивидуа.Во таа насока ќе се вклучат и учениците преку активности на Ученичкиот парламент негувајќи ја соработката, давање соодветна помош и подршка на својот соученик. Од особено значење ќе биде и работата на училишниот правобранител. Важна улога ќе имаат и родителите преку нивно вклучување во повеќе планирани ученички активности.

**16. Оценување**

**16.1. Видови оценување и календар на оценувањето**

Постигнувањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.

Во првиот период (I–IIIодделение) постигањата на учениците во текот на наставната година по задложителните и изборните предмети се оценуваат описно. Учениците од (I–III одделение) на крајот од учебната година добиваат свидетелство со описни оценки. Во вториот период од (IV–VI) одделение постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано. Учениците од (IV–VI одделение) добиваат известување за успехот со описни оценки во евидентните листови, а на крајот на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Во третиот период од (VII–IX одделение) постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат бројчано. Учениците од (VII–IX одделение) добиваат известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Секој наставник изготвува план за писмено оценување на учениците од (II–IX одделение) во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи).

**Тим за следење, анализа и поддршка**

Во училиштето ќе се формира училишен тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Училишниот тим изготвува програма за следење и поддршка на наставниците при оценувањето и утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оценки. Секој наставник континуирано во текот на годината врши формативно оценување и сумативно оценување четири пати годишно. Тимот за интерно проверување изработува план за реализација на проверувањето.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Целокупниот воспитно образовен процес ќе биде следен од страна на директорот и стручната служба. Следењето ќе биде со посебни акциски програми а во насока на:

Следење на планирањето на наставата;
Следење на квалитетот на реализација на наставата;
Следење на квалитетот на реализација на воннаставните активности.

ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОДРШКА И СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАНИРАЊАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

**Првиот увид во планирањата на наставниците се прави по доставувањето на планирањата во училиштето на почетокот на учебната година.**

Цел: Навреме да се утврдат евентуалните слабости на почетокот на учебната година и тоа:

- Структура
- Временска рамка
- Цели и исходи
- Услови за работа
- Форми, методи и техники

- Корелација со други наставни предмети
- Интегрирани проекти во училиштето

Истите навремено да се корегираат со давање подршка на наставникот.

Увид во посебните планирања на наставникот и тоа:

- Дополнителна настава
- Додатна настава
- Слободни ученички активности
- ИОП за ученици со посебни образовни потреби
- Соработка со родителите и локалната заедница

Да се обезбедат ресурси на наставниците за квалитетно планирање на наставата

1. **Наредните увиди се во текот на учебната година според програмата а и почесто доколку се утврди потреба.**

Цел: Воочување на слабите страни во планирањата на наставниците и нивно навремено отстранување и детектирање на јаките страни во планирањето на наставните содржини, во насока на нивно задржување и споделување со другите наставници .

ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПЛАНИРАЊАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

1. Пред да се реализира увидот директорот одржува средба на која наставникот се информира за:

- Целта на посетата;
- Предметот на увид, односно што ќе се набљудува/ ако има однапред подготвен образец се анализира;
- Начинот на кој ќе се одвива посетата;
- Наставната содржина кој се планира за тој час.

2. План за следење на планирањата по месеци

| Месец | Предмет на увидот | Цел на увидот |
|---|---|---|
| Септември | Годишни глобални, тематски планирања | Анализа на квалитетот на планирањата |
| Октомври | Анализа на дневните подготовки на наставниците | Подобрување на структурата на дневните планирања |
| Декември | Анализа на дневни подготовки на наставниците | Анализа на методите и техниките на оценување |
| Февруари | Анализа на дневните подготовки на наставниците | Методи, форми, техники на работа |
| Април | Анализа на дневните подготовки на наставниците | Користење на ИКТ, МИО, ЕКО проектите, Социјална и образовна инклузија |
| Мај | Анализа на дневни подготовки посета на часови | Оценувањето на постигнувањата на учениците |

II СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА
Цели:

1. Консултација пред посета на час

| Цел на увидот | Предмет на увид | Начин на реализирање на посетата |
|---|---|---|
| Наставникот се информира со каква цел ќе биде посетен | Се посочува што ќе се набљудува, се разговара за содржината на образецот кој ќе биде користен при посетата | Кој ќе биде присутен на посетата: директор/ стручна служба; се дава објаснување кој аспект особено ќе се набљудува |

2. Следење на часот

Се користи образецот, Прилог бр. 2

3. Консултации по следењето на часот

| Силни страни | Подобрувања во однос на претходното следење | Области за понатамошен развој |
|---|---|---|
| Се анлизира заеднички текот на часот и се издвојуваат силните страни кои и понатаму треба да се подржат | Се издвојуваат аспекти кои се подобрени во однос на претходно следен час | Се набројуваат аспекти кои треба да се развиваат и подобруваат во иднина |

**16.4. Самоевалуација на училиштето**

Самоевалуација на училиштето се реализира во 2022 година. Таа беше спроведена според индикаторите за мерење на квалитет на работата на училиштата, креирани од Државен просветен инспекторат. Со самоевалуацијата раководи училишен тим составен од директор, психолог, дефектолог, еден наставник и еден родител. Реализатори на самоевалуацијата се седум тимови на наставници од одделенска и предметна настава кои работат на следниве подрачја: Наставни планови и програми, Постигања на ученици, Учење и настава, Поддршка на учениците, Училишна клима, Ресурси и Управување, раководење и креирање политика.

**17. Безбедност во училиштето**

Училишниот тим за заштита и спасување изготвува план за движење при евакуација во случај на елементарни непогоди и организира активности за поголема безбедност на учениците и вработените во училиштето.

**Прилог - Безбедност во училиштето – Заштита и спасување од елементарни непогоди**

**18. Грижа за здравјето**

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработени во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница.Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што ќе се негува здрав стил на живеење.

**18.1. Хигиена во училиштето**

За хигиената на училиштето се грижат: техничкиот персонал, наставниците и учениците. За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат висококвалитетни хигиенски средства за дезинфекција и уништување на микроорганизми – ( бактерии, габи, вируси), еколошки средства на база на активен хлор, средства со активна сода бикарбона и др. Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши: секојдневно чистење на сите простории во училиштето, еднаш во неделата се врши темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето. Покрај тоа два пати во годината (јануари, јули) се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од служби во Центарот за јавно здравје.

**18.2. Систематски прегледи**

Систематските прегледи за учениците се планираат и реализираат пред или по завршување на часовите, без да се попречува наставата. Во текот на учебната година систематски прегледи се вршат за учениците од I, III, V и VII одделение, во придружба на одделенските раководител и на паралелките. Учениците од I и III одделение задолжително ги придружуваат и нивните родители. Систематски прегледи се врши во ЈЗУ Демир Хисар.

### 18.3. Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Учениците се предводени од нивните одделенски раководители. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI,VIII и IXодделение. Имунизацијата се врши во ЈЗУ Демир Хисар.

### 18.4. Залевање на заби

Залевање на заби се врши за ученици од I до VI одделение. Исто така се планираат и четири едукативни работилници за здрави заби за ученици од I и IV одделение. Залевањето на заби се врши во ЈЗУ Демир Хисар, а работилниците во просториите на училиштето од страна на здравствени работници од Здравствен дом– Демир Хисар.

## 19. Училишна клима

Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи. Во училиштето постои добра организација на воспитно – образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

### 19.1. Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците и учениците со утврден распоред за дежурство. Дежурните наставници водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите. Во текот на воспитно – образовниот процес секој наставник посветува внимание за дисциплината на учениците преку советодавни разговори, едукативни предавања и работилници. На видно место во училницата се истакнуваат правила за однесување кои учениците задолжително треба да ги почитуваат. За учениците кои ги прекршуваат пропишаните правила за однесување се изрекуваат соодветни педагошки мерки согласно усвоениот „Правилник за видовите на пофалби, награди, педагошки мерки и изостаноци на учениците“.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор е постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени.

Функционалното уредување на училницата, украсувањето со слики, цвеќиња и ученички трудови е активност на секој одделенски колектив. Континуирано се уредуваат паноата во ходниците според годишните времиња, поголемите празници и мултикултуризам, каде што се изложуваат најдобрите ученички творби. Естетското уредување на ѕидовите во ходниците, одржувањето и обновувањето на ликовните творби е задача на ликовната секција и наставникот како иницијатор и инструктор на учениците.

Посебно внимание се обрнува на естетското обликување на училишниот двор. Патеките до училишната зграда, парковскиот дел и спортските терени постојано хигиенски и уредно се одржуваат од страна на техничкиот персонал и учениците.

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето постојат етички кодекси за: „ Должности на воспитно – образовниот кадар “ (кодекс за вработени), „ Правила за должностите и однесувањето на учениците“ (кодекс за ученици), „Екокодекс“, „Кодекс за родители“, „Куќен ред на училиштето“, „Правилник за работно време“.

### 19.4.Односи меѓу сите структури

Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци – работилници, кадешто се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така се формира тим составен од сите структури (директор, секретар,стручна служба, одговорен наставник за одделенска настава, одговорен наставник за предметна настава и домаќин).

За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна, но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови. Суштината на успехот и квалитетната комуникација е во тоа комуникаторите да се почувствуваат.

За подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка, училиштето планира реализација на заеднички прослави, екскурзии, посети, коктели и други активности надвор од наставниот процес.

## 20. Професионален развој на образовниот кадар

Професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично напредување на наставникот. Тоа е долготраен, континуиран процес кој започнува на почетокот на оваа професија и тој е до крајот на целиот живот, процес кој се реализира на најразлични начини и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија.

**20. 1. Детектирање на потребите и приоритетите**

Од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуациии и спроведено анкетирање на наставниците, се утврдени следниве потреби за професионалниот развој на образовниот кадар: едукација на наставници за работа со ученици за посебнио бразовни потреби (ученици со попреченост во развојот, хиперактивни ученици, талентирани и надарени ученици), едукација на наставници за давање на прва помош и заштита на ученици, тимска работа и комуникација. Изборот на наставници за следење на обуки се врши врз основа на изработена процедура.

**20.2. Активности за професионален развој**

Истакнување на сопствените цели и селектирање на активности кои ќе овозможат реализација на поставените цели. Подразбира гледање на примери на поучување и учење во училницата, читање стручна литература, студии на случај. Училиштето ги мотивира наставниците за посетување семинари и обуки за стекнување сертификати. Училиштето поттикнува поголем број на наставници да бидат учесници на конференции, конгреси со свои трудови, пишување на статии во стручна литература и сл.

**20. 3. Личен професионален развој**

Водејќи се од развојниот план на училиштето планирана е организација на интерни обуки и работилници според потребата на наставниците. Наставниците кои земаат учество на обуки организирани од БРО, МОН, акредитирани организаци и вршат десиминација во училиштето на останатите наставници. Тимот за професионален развој изработува план за спроведување обуки според извршена анкета за потребите на наставничкиот кадар.

**20. 4. Хоризонтално учење**

Училишните тимови за отворени часови и стручните активи изработуваат програми во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците (ИКТ, оценување), презентации, решавање на одредени проблеми.

### 20. 5. Тимска работа и училишна клима

За остварување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците во училиштето се формираат голем број тимови, работни групи и комисии. При тимската работа меѓу вработените се зголемува взаемното почитување и доверба, зголемена комуникација, позитивно решавање на проблемски ситуации, самокритичност и критичност. Членовите на тимовите поседувајќи ги горенаведените придобивки од тимската работа, одржуваат ефективни состаноци со конкретни предлози мерки и заклучоци. Тимската работа овозможува унапредување на позитивната клима и култура во училиштето.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на семејствата во училиштето

Присуството на родителите во училиштето треба да се сфати како грижа за детето и како респект кон наставничката професија. Ако соработката со родителите е поголема, тогаш проблемите со учениците се помали. Во животот и работата на училиштето родителите  се активно вклучени во животот и работата во училиштето преку најразлични форми на организиација. Советот на родитетли на училиштето се формира  од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во  основното училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители ги извршува следните активности: дава мислење за предлог програмата за развој на основното училиште, расправа за извештајот за работа на училиштето, предлага програми за подобрување на стандардите за наставата, дава согласност на предлозите на директорот за воведување на повисоки стандарди, избира претставници во Училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители изготвува програма и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето.

Во текот на годината се организираат општи родителиски средби (пет во годината), отворени денови (четири во годината) и приемни денови (еднаш во неделата со истакнат распоред на огласната табла), индивидуални и групни родителиски средби за информирање на родителите за сите активности во училиштето, напредокот,постигањата и поведението на учениците.

Информираноста на родителите се врши преку Интернет (Е- дневник), училишни весници и брошури. За тековните активности на видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија.

### 21.2. Во процесот на учење

Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За поуспешна реализација на наставниот процес по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства.

### 21. 3 Во активностите на училиштето

Родителите земаат активно учество во организирање на настани, реализација на екскурзии (вклучени во комисии), воннаставни активности (превоз, поддршка), во проекти, организиација на натпревари и посета на институции. За поуспешна организација на најразлични манифестации, промоции и приредби родителите земаат активно учество во истите.

### 21. 4. Во донесување на одлуки

Родителите се вклучени во донесување на одлуки на ниво на паралелката и преку Советот на родители. Тие даваат идеи и предлози за реализација на одредени активности во училиштето. Во Училишниот одбор тројца од членовите се од редот на родителите. Тие исто така даваат активен придонес во работата на Училишниот одбор. Вклучени се во донесувањето на одлуки кои произлегуваат од програмата на Училишниот одбор.

### 21. 5. Едукација на родители

Едукацијата на родителите се врши преку едукативни работилници за родители. На состаноците на Советот на родителите се организираат предавања и работилници, каде што повремено се вклучуваат и родителите како едукатори. Родителите се вклучуваат во одредени проекти кои се реализираат во училиштето (Одделенските раководители на родителски средби по потреба организираат едукативни предавања и работилници за унапредување на воспитната работа во родителскиот дом). Стручната служба според својата програма за работа организира советодавно – консултативни средби и работилници со родителите, а во соработка со одделенските раководители по потреба врши посета на семејства.

### 21. 6. Изработка на брошура за родители

Советот на родители заедно со тимот во училиштето според својата програма е вклучен во изработката на Брошура за родители, а брошурата се доставува до родителите во текот на месец септември.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Меѓусебните односи на училиштето со јавноста се градат врз принципот на взаемното влијание, односно училиштето влијае врз јавноста и средината, но прима од истата сé што е позитивно. Соработката со јавноста се насочува на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација и воспитно делување врз нашите ученици,но и за професионален развој на наставниот кадар. Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Училиштето континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната web страна.

### 22. 1. Локална заедница

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар. Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Преку таа соработка, нашето училиште влијае на подигнување на културно – образовното ниво на локалното население. Значи, односите се градат врз принципот на взаемно влијание, односно училиштето влије врз средината, но и прима од истата се што е позитивно и корисно. Комуникацијата со локалната заедница се остварува преку усна, пишана и електронска форма. Преку ова подрачје ги оствaруваме следните задачи: искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно – образовната дејност на училиштето; Размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и стручните служби од другите училишта од Општината; Организирање прослави на празници и јубилеи, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината и локалното население; Информирање на поширината јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

### 22. 2. Институции од областа на културата

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, драмска, ликовна, литературна) се реализираат посети на институции од културата. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците.

### 22.3. Институции од областа на образованието

Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

- Министерство за образование и наука (МОН);

- Биро за развој на образованието (БРО);
- Државен просветен инспекторат (ДПИ);
- Државен испитен центар (ДИЦ);
- ЕЛС – Сектор за основно образование;
- Овластен просветен инспектор;
- Детска градинка;
- Основни и средни училишта;

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| Бр | Приоритетни подрачја за следење | Кој треба да биде информиран за следењето | Начин и време | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | Комисии, тимови, Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор, МОН, ДПИ | Континуирано | Наставници,стручна служба, |
| 2 | Воннаставни активности | Комисии,тимови, Наставички совет, Совет на родители, Училишен одбор МОН,ДПИ, | Континуирано | Административни работници |
| 3 | Задоволување на потребите на учениците | Комисии,тимови,Наставички совет,Совет на родители,Училишен одбор МОН,ДПИ, | Континуирано | Директор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Со планот за евалуација, треба да добиеме релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена и имплементирана Годишната програма. Целта на евалуацијата претставува модификација ,усовршување и унапредување на праксата.

Евалуацијата се врши во текот на целиот процес. Со неа започнува и завршува годишниот циклус. При евалуацијата од инструменти можат да се користат: тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудување и др. Евалуацијата е наменета за : Училишниот одбор, Совет на родители, Локална самоуправа и МОН.

Планот за евалуација треба да се разработи прецизно, по клучни точки. Евалуацијата се врши во текот на целата учебна година и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот, кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските интеграции.

## 25. Заклучок

Годишната програма на училиштето е основен документ со кој се планира и организира училишниот живот.

Целта на основниот воспитно – образовен систем е стекнување на општо образование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот.

Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време; развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата, и културното наследство; стекнување на основни познавања за убавооднесување.

Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето: унапредување

и осовременување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно –образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, целосно вклучување на учениците со посебни образовни потреби во воспитно – образовниот процес, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

При реализацијата на Годишната програма училиштето ќе се стреми за доследна реализација на стратешките и развојните цели .

Наставиот кадар ќе се стреми кон постигнување на повисоко ниво на мотивација на учениците со поголема примена на иновативни форми и методи во наставата како и подобрување на редовноста на учениците во следење на наставниот процес. Раководиот орган ќе се труди за подобрување на инфраструктурата на училиштето со цел обезбедување на што побезбедна и поздрава животна средина.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

| |
|---|
| Андријана Наумовски - в.д. Директор |
| Александар Богдановски- Психолог |
| Александра Ѓоргиовска Трајчевска – Специјален едукатор и рехабилитатор |
| Менка Најдовска – Предметен наставник |
| Елизабета Крстевска – Одделенски наставник |
| Стефан Дојчиновски – Ученички парламент |

**27. Користена литература**

- Закон за основно образовани(www.mon.edu.mk ); Наставни планови и програми ( www.bro.gov.mk);
- Концепција за деветгодишно образование (www.bro.gov.mk); Статутот на училиштето;
- Програма за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Извештај од интегрална евалуација - Извештај од самоевалуација;
- Развоен план на училиштето;
- Извештаи од увидите на Државниот просветен инспекторат;
- Извештаи за финансиско работење на училиштето.

| | | | |
|---|---|---|---|
| в.д. Директор | Дата | Печат | Претседател на УО |
| Андријана Наумовски | 14.08.2024 | | Соња Миленкоска |
| _________________________ | | | _________________________ |